**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на 62-та седница на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 28 декември 2000 година**

(Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,10 часот).

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 71 пратеник и претставникот на Владата.

Пратеникот Љупчо Анушев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата на Собранието.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Поминуваме на точката 3.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

За збор се јави г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Претседателе, јас имав пријава за дискусија на минатата седница, всушност, на претходната сесија на Собранието и таа имаше смисла, само во рамките на таа дискусија и затоа јас се откажувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи. Ве молам да гласаме.

Присутни се 72 пратеника, гласале 72 пратеника, 58 гласале за, 2 се воздржале, 12 гласале против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Од 74 присутни пратеници, 71 пратеник гласале, 55 пратеници гласале за, 2 се воздржале и 14 гласале против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Законот.

Владата на Република Македонија, поднесе амандман на член 4 во новиот член 133-а и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1, член 3, член 4, во новиот наслов 6, во новиот член 133-б, став 2, и на член 5.

Комисијата за труд и социјална политика, поднесе амандман на член 4, во новиот член 133-в, став 1, алинеја 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Чедомир Краљевски и Замир Дика, поднесоа амандман на член 4, во новиот член 133-в, став 1, алинеја 1, по кој владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, пред се должам извинување за малото задоцнување.

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАНА АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 4, во новиот наслов 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 4, во новиот член 133-в, став 1, алинеја 1, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се работи за прецизирање на одредбата.

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, во новиот член 133-в, став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, во новиот член 133-в, став 1, алинеја 1, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Господинот се јавува да објасни како ќе гласа.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас имам право да кажам како ќе гласам. Јас нема да гласам за овој закон, заради тоа што мислам дека закони кои што зафаќаат судбина на толку луѓе, не се носат на овој начин.

Ако се сеќавате, минатата година, исто така пред нова година, имавме Закон за отпуштање на голем број луѓе од администрацијата. Тогаш од оваа говорница, го прашав министерот за правда, г-динот Насуфи, дали идната година ќе има нова бројка од три-четири-пет илјади отпуштени работници и од место тој ми одговори дека нема да има, се разбира, излажа и се разбира, не му поверував, бидејќи го знаеме притисокот од ММФ к ја знаеме се разбира, објективната преврабoтеност во администрацијата во Република Македонија.

Тогаш не гласав затоа што повторно набрзина, без критериуми се донесуваше закон и многу арбитрарно, субјективно отпуштање на луѓе и се разбира, заради тоа што, многу луѓе јасно рекоа дека Законот е против уставен, а Владата инсистираше да се донесе тој закон.

Сега, почитувани колеги повторно пред нова година, вака набрзина, всушност, се носи и закон и всушност значи парламентот и Владата или парламентарното мнозинство, повторно на 3-4 илјади луѓе пред нова година им испорачува "божично колење‟, "новогодишно колење" итн.

Вам може би овие зборови ви се преостри, но прашајте ги тие 3-4 илјади луѓе, кои ќе се најдат на тие списоци, кои се разбира, исто така знаат дека државната администрација е преврабoтена, тие знаат како се примаат работници во нашата државна администрација, по кои критериуми, но тие сега не знаат зошто баш тие мора да бидат отпуштени, затоа што и овој пат нема критериуми, затоа што и овој пат ќе бидат некои чудни критериуми применети за тоа кој треба да замине од државната администрација, затоа што и овој пат нема анализа кои институции во државата, треба навистина да запрат, затоа што се не соодветни, некомпактибилни со пазарната економија. Кои институции, едноставно ги надживеело времето. Затоа што тие луѓе гледаат колку набрзина не соодветни кадри се примија на работа, само заради тоа што биле "партиски војници" на оваа или на онаа партија. Затоа, тие луѓе

ова напуштање ќе го доживеат буквално како "новогодишно" или "божиќно колење". Затоа ќе го доживеат. Една сериозна Влада, не може на овој начин да отпушта работници. Една сериозна Влада за да изврши реформи во државната администрација, мора на овој Парламент да му понуди проект за реформи на државната администрација. Не може пет реченици во еден закон да ја одредат судбината на 3-4 илјади работници оваа година. Судбината на 3-4 илјади наредната година, затоа што знаеме колку проекцијата на државните административци треба да стигнат. Не може на тој начин. Треба проект да има. Владата се валеше дека е транспарентна со Законот за телеком. Што видовме од таа транспарентност господа. Што видовме од таа транспарентност. Видовме овде анализа, материјал, стручен, подготвен од независни стручњаци, кои ги обработија сите варијанти за продажба на телеком, или дојдовме овде со усмено објаснување, со факти, кои ги знаат само неколку луѓе таму во Владата и ни кажаа овде дека тоа е најдобрата варијанта, а друга на светот подобра варијанта нема за телеком. Овде имаме во овој закон само една реченица и во оној другиот, за пензиско и инвалидско осигурување. Овде ние не знаеме кои институции не треба да работат во Република Македонија. Кои се баланс, кои се анти-пазарни институции. Кои институции можат на некој начин да поминат на профит на работење, самостојно работење, да се приватизираат итн. Ние тоа не го знаеме. Ние ќе кренеме два прста, да си заминат 4 илјади работници или повеќе, затоа што и со бројките се манипулира. А за сметка на тоа се примаат луѓе. Зошто не донесовте закон да престане примањето на административни работници во државната управа. Зошто не предложи Владата да престане вработувањето во администрацијата, па потоа да разговараме како треба да се намалува бројот на луѓето во државната администрација. А во исто време се има отпуштање и во исто време ќе има примање. Тоа не може да се прифати и затоа јас нема да гласам за овој закон, ниту ќе гласам за оној другиот, а се разбира дека може некој од вас да каже дека не сум реформски определен, затоа што треба реформи во администрацијата. Треба реформи во администрацијата, како и во многу сектори, меѓутоа, не на овој начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се јавува и г-динот Јордан Бошков, кој сака исто така да објасни како ќе гласа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине претседателе, пред овие празници што нам ни престојат, јас едноставно немам сила да го поддржам ваков каков што е законот. Една од причините е тоа што ние немавме внатрешна расправа за него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да гласаме.

Од 78 присутни пратеници, 72 пратеника гласале, 49 гласале за, 4 се воздржале и 19 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи.

Минуваме на точката 2.

Продолжуваме со претрес со предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Дали некој бара збор?

За збор се јави г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги.

Овој закон има едно логично продолжение или е надградба на законот за измена и дополнување на Законот за работни односи и во одреден дел и претставникот на Владата даде одредени објаснувања.

Сакам да укажам дека овој закон е составен од два дела.

Едниот е Законот за измена и дополнување, што произлегува за престанок на работен однос по потреба на службата и користењето на правата, а другиот дел се однесува на сосема други одредби и прашања од сферата на тие. Така и Владата до парламентот достави два закони, во кои иако беа претставници од Владата, едниот беше од Министерството за финансии а другиот беше од Министерството за труд.

Што се однесува до разработување или имплементација на одредбите од Законот за измена на законот за работни односи во расправата на претходното заседание на овој Парламент и на денешните искажувања, ставовите се јасни. Ставовите од претставниците на опозицијата на овој Парламент се искажаа дека се за реформи на јавната администрација, но реформите кои се спроведуваат со одредбите на овој закон, не се компатибилни со стратегијата, која ја

донесе Владата, тие се изнудени, парцијални и погрешни тоа е општата констатација, додека позицијата имаше сосема друго мислење и се изгласа првиот закон, што е логично да се продолжи да се изгласаат одредбите и од овој закон. Тоа е начинот и пристапот на сите, а политичките последици се знаат или едната групација, позицијата или опозицијата, ќе се видат на наредните избори, предвремени или редовни- Што значи, секој си ја носи својата политичка одговорност, за ова што нуди во Парламентот. Тоа е прво, што се однесува до овие одредби.

Второ, мора да кажеме пред јавноста, бидејќи министерот во своето излагање кажуваше дека овој закон се однесува само на три или четири илјади вработени со влегување на овој закон има сила со трајно дејство, додека не се измени или дополни. Што значи, делува понатаму на сите вработени и во јавната и во државната администрација, за престанок, по потреба на службата и се она што беше искажано. Не би сакал понатаму да објаснувам, а и нема потреба од објаснување.

Бидејќи во јавноста има голем интерес, би сакал и министерот за труд и социјална политика, а и јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика, би сакал да истакнам за третата мерка, која не е надлежност од овој Парламент, а тоа е одлуката за исплата на надомест на 24 плати од претходниот месец. Владата донесе одлука, која во извесна смисла го искажавме моето мислење, оној кој сака доброволно да оди да има 24 плати. Одлуката на Владата прво има одредена важност. Тоа е до 15 јануари. Дали Владата размислува да го продолжи овој рок, со оглед на краткото време на донесување, на објавување во службен весник и празниците. Би било тоа многу битно, ако сакаме да ја реализираме таа мерка. И уште едно прашање. Таа одлука се однесува само за корисниците на Буџетот и единките корисници на Буџетот. Не се однесуваат и на оние вработени, кои се опфатени со Законот за работни односи со Законот за ПИОМ, а ги кажавме кои се тие. Пред се, тука се јавните претпријатија, Владата ако смета дека од аспект на тоа дека во јавните претпријатија вработените земаат високи плати, нема да одат, треба да ни биде јасно дека во Република Македонија останаа само две јавни претпријатија. Тоа се: Јавното претпријатие за Аеродромски услуги и Јавното претпријатие за станбен и деловен простор. Додека, телеком и пред да се приватизира, беше државно акционерско претпријатие и Електростопанство е државно акционерско претпријатие, на кои не се однесуваат овие одредби.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**
(Продолжение)

Ако некој сега сака од Фондот за здравство, од Фондот за пензиско, од подрачните единици, од разни органи на управа формирани од Република Македонија, не може да го оствари тоа право. Би сакал да знам, дали Владата размислува дали одредбите за доброволно одење во пензија со 24 плати да ги прошири и на овие корисници. На тој начин би се создале услови за она што зборувавме, за прераспоредување, доквалификација и намалување на бројот на вработените, а не само намалување на Буџетот на Република Македонија кој беше објавен за намалувањето на платите на корисниците на Буџетот. Ова сигурно треба, бидејќи има голем интерес и мислам дека министерот ќе одговори во интерес на јавноста за размислувањето на Владата. Тоа е оној дел.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување има и еден многу важен и битен дел кој би сакал да укажам, а министерот само површно спомна и не даде одредени уводни образложенија. Тоа се членовите 2 и 3.

Почитувани пратеници, со овие измени на Законот на лицата по кои било основ, дали технолошки вишок или слично се наоѓаат на заводите за вработување и примаат паричен надоместок по основ на невработеност и до сега си плаќаа придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Владата со овој закон за одреден голема категорија на лица кои користат паричен надоместок им ја намалуваат основицата за плаќање на тој надоместок, што значи до сега основица беше просечниот личен доход во стопанството во Република Македонија во претходниот месец, сега основица претставува паричниот надоместок кој го примаат лицата, но не помалку од 65%. Треба да кажеме дека паричниот надоместок кој го примаат лицата за првата година изнесува 50% од просечната плата, во втората година 40%, што значи една голема категорија на лица кои немаат ни работа се на раб на социјална егзистенција, примаат паричен надоместок, по извесен период дали година, пет или 10 години, ќе одат и со намалена пензија.

Би сакал да укажам дека ова е прв закон кој во основа, спрема образложението на претставникот на Владата, зафаќа од

најсиромашната категорија во секоја земја и во Република Македонија, а тоа се невработените и кои примаат паричен надоместок и се изедначени со оние кои примаат социјална помош. Министерот беше конкретен и кажа со заштедата од овие средства се работи за Буџетот на Република Македонија од околу 180 милиони денари, ќе се употребата за платите на вработените во државната администрација.

Прво, би можел да сфатам, но морам искрено да кажам дека овој министер кој се залага за својата област која ја застапува да поддржи ваков закон, во тој дел не би навлегувал во неговите причини, бидејќи (галама во салата).

Ве молам претседателе, сигурно не е интересно.

Овој закон не е произлезен од Министерството за труд и социјална политика. Овој закон е произлезен од Министерството за финансии. Кое е второто образложение, зошто се воведува овој закон од финансиски аспект или напишан од Министерството за финансии.

Министерството за финансии вели, ве молам да го видите и образложението, ова што го кажувам е така напишано. Министерството за финансии вели, (пак галама во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, дајте да се ислушаме, ајде разговорите да не ги правиме тука.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Бидејќи во Буџетот на Република Македонија за 2000 година не се предвидени вакви стапки во износ од 180 милиони, образложението го сфатив и расчистивме дека ќе се однесува за 2000 година. Бидејќи нема пари ги кратиме овие средства. Тоа е образложението. Кога овој Парламент и оваа држава гради и носи Буџет, односно ние носиме закони, дали во Буџетот има средства или нема. Точно е кога се носи Буџетот да се води грижа за економската состојба и материјалната состојба, но кога Парламентот ќе донесе закон, а донесен е законот, спроведуван е Законот за уплаќање на овие придонеси на лица кои се без работа, Министерството сега, врз основа на своите сознанија, бара измена и дополна. Тоа не е несреќното образложение, ова е несреќно образложение. Знаете, Министерството за финансии, барем мои сознанија и мои гледања по овој закон, видело дека една огромна односно голема стапка се трансферира од Министерството за финансии во Буџетот во Републичката заедница за вработување околу 180-200 милиони денари, па рекле дајте да ги скратиме овие средства и на крајот имам еден сомнеж колку други вакви позиции кои излегле врз основа на законски обврски се произлезени и затоа дојде суфицитот на Република Македонија кој го ребалансиравме, 200 милиони ДЕМ. Ова е еден дел, а 200 милиони се 6 милиони кои се прикажани во суфицитот како вишок, а не се исплатени. Чисто е овој закон, барем спрема одредбите за влегување во сила ќе се применува за наредниот Буџет, за оваа година сигурно ќе се исплати. Непостои закон, а ова е таков закон од најсиромашната категорија да се дава на сиромашни. Се зема од богати, се дава на сиромашни, но од најсиромашните да земеш и да дадеш на вработените, за тоа ќе се употребеле парите.

Сметам дека оваа Влада и со овој закон продолжува перманентно една политика во социјалната сфера. Од една страна спроведува програми против сиромаштијата, тоа е во Буџетот и во ребалансот и средствата од Телеком, а од друга страна перманентно ги укинува, ги намалува и врши рестрикција во правата на овие лица кои се под удар на сиромаштијата. Зошто тоа го зборувам? Го зборувам затоа што овој Парламент донесе закон, со кој лицата поради технолошки вишок и по овој закон кои ќе останат без работа поради потреба на службата, со поранешните одредби, доколку имаат 25 години пензиски стаж, до идното вработување ќе имаат право на паричен надоместок. Укажувавме на таа одредба, се прифати ставот на Владата и сега лица кои имаат 55 години и 15 години стаж ќе можат да примаат и за нив ќе се однесуваат овие одредби за плаќање на помал придонес. Исто така Владата во однос на остварувањето на овие права од технолошки вишок ги укина одредбите во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност дека судот може да се впушти во критериумите согласно Колективниот договор, дали се применувани или не и кој работник, зборувам и за стопанство и за нестопанство, зборувам и за корисниците на Буџетот дали требало М, Н, А или Б да бидат отпуштени врз основа на критериумите што зборуваше и Гошев, што го имавме и во овој закон, но ги укина критериумот судот да цени што значи перманентно продолжува во укинување на правата.

Сега би сакал да кажам уште нешто и за колегите кои вие ги опоменувате дека

не слушаат, па сега да ме слушнат што имам да им кажам. Знаете, при избор на секоја нова Влада, првите 100 дена, првите 6 месеци се толерираат, не се укажуваат. Првите две години имаат одреден политички договор во кој велат не е направено, е направено. По истекот на 2 години господа и опозицијата особено владеачката партија треба да ја отвори изборната програма да види што напишала во таа изборна програма. Јас ја отворив изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ и самите колеги можат да видат што напишале за оваа категорија на граѓани кои користат паричен надоместок, кои се социјални случаи самите нека видат и затоа сметам што напишале и што предлагаат пред овој Парламент и пред тие луѓе кои користат таква помош. Затоа сметам во првиот дел во членот 2 и 3 треба да се бришат и во таа смисла имам предложено амандман. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Министерот за труд.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, немав намера да дискутирам, но со оглед што господинот пратеник Гештаковски бараше одредени појаснувања, должен сум по истите да се произнесам.

Во моето завчерашно излагање, мислам дека бев доста јасен и по мое мислење успеав да ја образложам причината од потребата за донесување на сите овие три закони. Не беше коректно од страна на господинот Гошев што тоа го користи сега кога фактички треба да се гласа да го остави последниот впечаток кај граѓаните дека навистина овие законски решенија се лоши и многу лошо ќе се одразат врз граѓаните, поточно врз државните службеници.

Хуманоста на мерките ги образложив. Одуката за спогодбено престанување на работен однос е една од тие мерки со цел да се овозможи на сите тие државни службеници кои ќе оценат дека навистина се товар на државната администрација, со едно внатрешно доброволно селектирање да го искористат правото и да примат отпремнина од 24 плати. Значи, да имаат поголема социјална сигурност за подолго време. Јас ви гарантирам дека одлуката ќе важи до 15 јануари и ниту еден ден повеќе. После тој ден нормално ќе се применуваат одредбите од законите кои ќе треба да се донесат од страна на Собранието на Република Македонија. Уште на почетокот завчера кажав дека ние како Влада би можеле без овие закони да направиме реформа во државната администрација, со директна примена на Законот за државни службеници, односно со донесување на нови систематизации и распоредување на државните службеници на соодветни работни места, односно нераспоредување на поголемиот број од нив и после три месеци отпуштање од работа. Нормално, би имале поголеми социјални тензии. Значи, целта е со хумани мерки да се дојде до целта.

Оваа година, јас ви гарантирам дека ќе бидат отпуштени само 3.000 со овие мерки, а нормално отпуштања ќе има и понатаму, ако работодавците на одредени државни органи оценат дека одредени работни места не им се потребни и со акт ќе ги укине. Таа постапка ќе продолжи понатаму, се додека не ја сведеме бројката, мислам разумна бројка на државни службеници во државниот апарат.

По однос на забелешката од Законот предложен од страна на министерот за финансии, односно Министерството за финансии. имате амандман од Владата каде се повлекува Законот предложен од страна на Министерството за труд и Министерството за правда и се приклучува кон предлогот на законот кој е преземен од страна на министерот за финансии и фактички расправаме за еден закон.

Забелешката беше по однос на пресметување на придонесите од пензиско и инвалидско осигурување на надоместокот за невработени. Морам да појаснам дека новото решение нема да се однесува на сите тие кои користат надоместок за невработеност и придонесите ќе се исплатуваат согласно решението со сегашниот важечки закон. Решението ќе важи за сите тие работници без разлика дали се во државна администрација или се во приватниот сектор, ќе останат без работа и ќе го стекнат правото на надоместок за невработеност и придонесите за пензиско ќе се пресметуваат во висина на висината на надоместокот за невработеност.

Зошто ова го правиме? Мислам дека е многу реформски чекор, досегашниот начин на пресметување овозможува недоволно ангажирање и пасивност на овие лица да бараат работа, туку се задоволни со надоместокот за невработени што го примаат особено од категоријата од 55 години старост и 15 години стаж кои чекаат да си помине времето и да си стекнат пензија. Немаат никаков ангажман ни конкретен личен да си најдат работа и да не

бидат товар на државата, односно товар на правите социјални категории во оваа земја.

Токму поради тоа, се предлага ова решение и мислам дека решението е многу реформистичко кое ќе овозможи движење на пазарот на ангажман на лица кои се во Заводот за вработување да се ангажираат да најдат работа. Исто така ќе се прави заштеда која е јасно кажана во Предлогот на законот, во образложението и нормално тие средства ќе се користат за покривање на други социјални потреби во нашата земја.

Благодорам господине Гештаковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Многу е интересно образложението на министерот, лицата кои примаат 40% од просечната плата во стопанството на Република Македонија знаете таа е 9.000 или 10.000 кои примаат 2.500 денари надоместок и на кои се плаќа одреден придонес за пензиско, уживаат задоволни се, не бараат работа. Видете, ние сме Парламент, многу реформски закон, бидејќи лицата кои се прогласени за технолошки вишок со 25 години, а некои, го изменивме и претходниот закон, од сите организации чекаат работа 13-14 години, задоволни се. Во ред, ако е таквото реформско мислење, господа, немаат работа, сме зборувале, кој му нуди. Ако има, со факти да зборуваме, дали на овие лица, министерот треба да каже податоци, дали им е понудено, па тие одбиле работа? Мислам на Заводот за вработување. Еден ваков закон се прогласува за реформски, закон по кој се одземаат парите од најсиромашната категорија, и тоа е став на Владата, јас кажав, ние можеме да го кажеме нашиот став, а политичките одлуки ги носат други и ги оценуваат. На оваа категорија да се назначи реформски закон дека овие луѓе не бараат работа, мислам дека не држи, аргументите на министерот го сфаќам, бидејќи тој не е предлагач на овој закон, на овој закон предлагач е Министерството за финансии. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор министерот за труд повторно.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас немам намера да полемизирам со господинот Гештаковски, но начинот на кој тој дискутира фактички ги генерализира работите. Тој неговото кажување го смета за аргумент, не сака да ги слуша аргументите од другата страна, јас не реков дека сите овие кои го користат ова право на се ангажираат да најдат работа. Меѓутоа, поголемиот дел од нив тоа го прават. Јас ви гарантирам дека такви има илјадници, илјадници кои се задоволни со сегашните решенија од законот. Токму поради тоа се предлагаат овие измени за да некако се стимулираат луѓето да си бараат работа.

Од друга страна, јас ви гарантирам и друг голем факт, голем број од оваа категорија на граѓани диво се вработени, значи примаат надоместок, бенефициран. примаат плата на диво, не плаќаат придонеси, а се евидентирани како невработени. Јас јавно кажувам дека идната година ќе биде година на голема акција против сите тие работодавци кои имаат вработени и непријавени. Против сите тие кои користат социјална помош, не ја заслужуваат, односно социјалната помош одат да ја примат со мобилен телефон кој им ѕвони пред социјалниот работник. Оваа категорија на граѓани нема веќе да користи бенифиции. Ние тоа ќе го направиме, без разлика како некој нас ќе не оцени, дали сме реформистички или не. Социјалната помош ќе оди во прави раце, вработеноста ќе оди во прави раце, ако сакаме да правиме работа. А ако сакаме да импровизираме, да се лажеме и ние самите себе и граѓаните, тогаш можеме да останеме на сегашните решенија кои се во законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, јас ги респектирам и фактите и се она што се изнесе и се трудам да ги респектирам, но и ги читам онака како што пишува во образложението на законот, го читам и слушам она што го зборуваат претставниците на Владата.

Претставникот на Владата кажа дека 180 милиони денари кои ќе се заштедат од неплаќање на паричен придонес за пензиско и инвалидско осигурување на оние кои користат паричен надоместок, а не се вработени. Дали бил некој вработен или не вработен, тоа е надлежност на Владата, да ги отпише ако се вработени. Врз основа на тие факти зборувам и укажувам, се она што зборувам и што укажав дека 180 милиони денари, министерот истакна дека ќе бидат употребени за плати на вработените во

државната администрација. Тоа го истакна од оваа говорница. Се зема од најсиромашната категорија, а не се кажува каде ќе се дадат, каде ќе се наменат овие средства. Овие средства се книжени, гарантирам, во оној суфицит на Буџетот на Република Македонија, кога овде се кажа дека од 200 милиони марки, не зборувам за другите, од донации од продажба, овде се скратени 6 милиони, се прикажани како суфицит, а се земаат од најсиромашниот дел. Точно е дека нема да бидат опфатени оние кои се испод 60%. Голем дел, замислете 6 милиони марки се кратат од лицата кои примаат паричен надоместок. Тоа е факт и тоа е образложение кое досега го дадоа претставниците и останувам и понатаму на она што го искажав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Колку што гледам нема никој кој се јавува повеќе за збор.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Ве молам да гласаме.

Од 85 присутни пратеници, 75 гласале, 51 пратеник гласал "за", 4 се "воздржани" и 12 пратеници се "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Молам да гласаме.

Од 86 присутни пратеници, 71 гласале, 49 пратеник гласал "за", 2 се "воздржани" и 22 пратеници се "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам општ претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 1 и на член 1 и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 и на член 2 став 2.

Пратениците Жарко Караџоски, Јордан Бошков, Фатмир Етеми поднесоа амандмани на член 1 во уводната реченица и за додавање нов став 4 по ставот 3, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Чедомир Краљевски и Замир Дика поднесоа амандман на член 1, став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман за бришење на членовите 2 и 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во уводната реченица и за додавање нов став 4 по став 3 поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Јордан Бошков и Фатмир Етеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

За збор се јавува пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, имам чувство на одговорност пред моето гласачко тело и пред пратеничката група и сакам по однос на овој амандман да Ви се обратам и не би сакал така да помине, а да не кажам за што се работи.

Со овој амандман се регулира следното:

Вели после ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи: "осигуреник избран на непосредни избори во претставничкиот или во друг државен орган може да стекне право на пензија по престанувањето на мандатот, под услови, начин и постапка утврдени со посебен закон" и во образложението е дадено со една реченица што тоа значи.

Би сакал овде да ги потсетам колегите пратеници од парламентарното мнозинство, а и целокупната македонска јавност дека на еден перфиден начин се создава една уставна рамка да се легализира и да се лигитимизира веќе донесениот, а сеуште непотпишан од господинот Трајковски, Закон за пратеници.

Така, господине претседателе на Собранието, како што на еден криминоген начин го поставивте тоа прашање на дневен ред и го испитавте помеѓу едни точки, со кои Република Македонија истиот тој ден се заложи за цели 300 милиони марки, кај

разни финансиски институции во светот и со овие закони од социјалната сфера кои денес како продолжение ги расправаме дојде до она што дојде и се изгласа Законот за пратеници.

Знаете дека во изминатите 10-тина дена, откако се донесе овој Закон за пратеници реакциите на јавноста беа жестоки. Дали беа очекувани.

Во секој случај, ако се има предвид актуелниот социјален момент на целокупното население во Република Македонија, тие реакции беа очекувани, а според мое длабоко убедување и убедувањето на СДСМ, тие реакции беа и оправдани и разбирливи. И како што пред малку спомнав, на еден така перфиден начин да се постави една таква круцијална точка на дневен ред, испикана меѓу 10-тина стратешки закони за задолжување на државата и овие од социјалната сфера, нормално ние требаше после тие жестоки, оправдани и разбирливи реакции на целокупната македонска јавност денес да покажеме доблест и наместо да поднесуваме амандман, можеби да го вратиме на расправа тој веќе донесен закон. Зошто го говорам ова?

Го говорам ова, бидејќи реакциите како што беа упатени, острите реакции и замерки до парламентарното мнозинство, исто беа упатувани и до опозицијата, иако ни крива ни должна ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина, да го ислушаме пратеникот, кој има право на збор.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Наместо сега да ја вратиме таа расправа и по она што опозицијата го предлагаше да се корегира во одредени членови кои беа противуставни, а со овој амандман му се дава уставна рамка на тој закон и нема никаква врска дека господинот Трајковски не го потпишува законот затоа што мислел многу за народот. Напротив, тој знае дека го крши Уставот, ако го потпише овој закон и затоа не го потпишува и сега истиот тој човек во договор со парламентарното мнозинство сака преку овој амандман да си обезбеди уставна рамка.

Навистина се работи за една обична хипокризија и однос кон сопствениот народ, кога во услови на преку 300 илјади невработени, кога во услови на преку 50% од вработените не земаат плата и тие што ги земаат се никакви, ние на одреден сегмент во општеството му даваме одредени привилегии.

Господо пратеници во парламентарното мнозинство. Гледам дека не сте расположени да ме слушате, меѓутоа дека претседателот е должен да обезбеди ред во салата, ако сакаме да разговараме принципиелно за овие прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Вие се лутите кога не влегуваме во салата, кога влегуваме не ни давате да зборуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте вие да полемизирате со пратениците.

Зборувајте за тоа за што сте се пријавиле.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Да, ама немам услови да зборувам.

За тоа ви сугерирам и ви предлагам, во никој случај да не се прифати овој амандман и да не се создаде уставна рамка додека тој закон не се врати на повторна расправа и да се претресат некои членови кои на одреден сегмент граѓани, пратеници во оваа држава им даваат одредени привилегии.

Инаку да се разбереме, СДСМ има став дека ваков закон е насушна потреба да се донесе во Република Македонија. Од кои причини?

Од причини што треба да се регулира статусот на пратениците. Бидејќи овој закон, ваков каков што е предложен, покрај овие привилегии дава и одредени обврски. Ако добро се прочита законот во делот од тие одредби има обврски и оние луѓе кои се бирани на непосредни избори, т.е. пратениците, пред влегување во ова парламентарно Собрание да го пријават имотот и после одењето од оваа функција исто така да дадат отчет пред надлежните институции.

Претседателе, не ми создавате услови да зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да обезбедиме тишина, додека тој што добил збор да си ја изврши својата обврска и своето право. После, кој сака да полемизира со него нека се јави. Поединечни полемики со говорникот не се допуштени.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Бидејќи по мое длабоко убедување, овој Закон да беше донесен уште пред 10 години и да важеа истите одредби во делот на обврските на тие луѓе што се бирани

овде, некои луѓе сега требаше кривично да одговараат пред позитивните законски прописи во Република Македонија.

Меѓутоа, во услови на ваква социјална тензија да се даваат и одреден број на привилегии, а плус и таа уставна рамка да се проширува и на избрани осигуреници во претставничкиот, или во други државни органи, значи малку сме ние овде, сега треба да прошириме уште и на други државни органи, со исти привилегии како да гласаме.

Ве молам и упатувам апел до сите, без разлика на парламентарното мнозинство што ќе си одлучи онака како што ќе сака и ирелевантен веќе ставот на опозиционите партии во овој пратенички дом, да покажеме доблест и овој амандман да не го поддржиме. Само на тој начин имаме ситуација во која имаме уставна пречка да се потпише овој закон, да го вратиме повторно на расправа во Парламентот и одредени бенифиции што самите на себе си ги препишуваме, дефинитивно да ги укинеме и да излеземе со чист образ пред народот. Во спротивно, ако вака, господа од парламентарното мнозинство, продолжите, еден ден во ова Собрание нема да седи господинот Андов каде што седи, зад мене, нема јас овде да говорам, ќе влезе народот овде и ќе си донесе Закон за народ.

Ве молам Рубенс излезете овде и дискутирајте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина. Вака само ја одолжуваме работата.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Бидејќи не би сакал да дочекаме еден ваков ден, ве молам ова да не се поддржи, тој закон да се врати повторно на расправа и транспарентно пред целокупната македонска јавност, покрај оние привилегии кои што беа многу транспарентно кажани пред јавноста, да се каже и кој обврски се преземаат од страна на пратениците и на еден јавен настап да се продискутира, да се претресе добро таа тема. Доколку ова се донесе денес, мислам дека оние игри што сега ги прави господинот Трајковски, тој уште утре ќе го потпише законот, бидејќи со овој амандман му се создава уставна рамка. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да напоменам, што се однесува до тоа дека Законот за пратеници кој е донесен, за кој гласаа пратеници од сите пратенички групи, ќе дојде повторно на расправа, сигурно ќе дојде, тоа нема никој што да го бара или да не го бара, бидејќи штом не е потпишан од претседателот, ќе мора да дојде на расправа овде. Така да тоа е уставна обврска. Инаку што се однесува до овој амандман, за збор се јави пратеникот Александар Пандов. Само ве молам за амандманот, немојте да ги ископаме секирите комплетно како што знаеме да направиме, па да не работиме по точката по која сега работиме.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Јас сосема накратко сакам да реплицирам со господинот Илоски и да го прашам, јас се пронајдов господине Илоски во вашата дискусија затоа што бев еден од пратениците што го поддржа Законот за пратеници и да ве прашам, како не ви е срам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Внимавајте на формулациите.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Би сакал да појаснам, излегоа многу бранувања во јавноста околу овој закон кој се донесе минатата недела или пред десетина дена и би сакал пред јавноста да појаснам некои работи кои очигледно јавноста не ги знаеше.

Во 1998 година, кога беше избран овој пратенички состав, пратениците од СДСМ или дел од нив, со право или без право ни кажаа, имаше голем број и ден денес по прв пат се пратеници во ова Собрание, дека имале изготвено некој Закон за пратеници со кој закон се прават некои отстапки и некои бенифиции ќе ги имаат пратениците кои, кога би се направило споредба со останатите Парламенти во Европа, во најголем дел од нив пратениците ги имаат. Тоа се случуваше две години, пратеници од СДСМ да трчаат и да лобираат меѓу пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да го гласаат овој закон. Сигурно ги знаете вие кои беа пратеници од СДСМ кој исто така го изготвуваа овој закон. Не велам дека немаше такви пратеници и во ВМРО-ДПМНЕ да помогнат. Сега со кое право вие си дозволувате таква ограда да правите од вашата пратеничка група, а сосема на крај, од тоа зошто не е донесен законот, кога ќе прашавме, вие појаснувавте дека претседателот на СДСМ и премиер во тоа време, господинот Црвенковски, не ви дозволувал затоа што било проценето дека ќе донесе негативни поени во јавноста, тоа беше 1998 година, пред избори и моментот зошто се носи сега овој закон е токму тоа, да не донесе штета ниту на СДСМ, ниту на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа вие го знаете. Сега, како си давате за право, затоа што во јавноста излегло негативно да биде толкуван овој

закон, дека носи, незнам, дека носи вакви или онакви бенифиции на пратениците, јас лично не видов какви бенифиции донесе за мене лично како Александар Пандов, со исклучок на тоа вработување во некоја државна институција, што не мислам, ако недај боже некогаш ВМРО изгуби, да ја побарам од другата Влада. Каква друга бенифиција би добил Александар Пандов или било кој тука пратеник, незнам. Да, ако јас сум стар 60 - 70 години, или ако имам над тие години стаж. Голем дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, ниту едниот, ниту другиот услов го исполнуваат, односно немаат ниту 55 години старост, ниту пак 25 години работен стаж. Со тоа незнам какви бенифиции би имале.

Сега, ако Пратеничката група на СДСМ мисли дека не треба и се повлекуваме од тој закон, затоа што така беше договорено, сите договори беа така правени, дека сите пратенички групи ќе го поддржат. Ако тоа мислите вие дека не треба да постои овој закон, тогаш дајте да се договориме, не е вкусно на говорница господинот Илоски да излегува и да ни држи предавање како е невкусен законот, како вие тогаш сте биле збунети заради состојбата, па не сте знаеле за што гласате и како гласате. Голем дел од вашите пратеници тука се по трет пат пратеници и претпоставувам дека им било премногу јасно за што гласаат. Сега какво е тоа оградување. Ако е така, дајте да направиме пауза, да се договориме, вие координаторите ќе се соберете, да не го гласаме. Не сега, едни се оградуваат, гласале, збунети биле тогаш, ситуацијата била таква, ДА преминала кај нив па незнам што се случило, другите биле луди. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За Законот за пратеници за кој има реакција, ќе има реакција и од уставно овластени институции, претседателот одби да го потпише Указот и ќе ни се обрати со писмо зошто тоа го прави и со предлози во кој правец да се изменат и да се дотераат одредбите на тој закон. Тогаш ќе разговараме.

Јас сакам само едно да ви кажам. Има смисла денес на 28 декември да работиме упорно ако можеме да донесеме некои од законите. Ако треба да го употребите времето само за меѓусебни пресметки, а да не се сработи ништо, сакам да ви кажам дека имаме намера да работиме до 15,00 часот, бидејќи салата треба да се ослободи и да се подготви за свечената седница, која е закажана за 17,00 часот.

Затоа, апелирам се што е врзано за тој закон да го оставиме тогаш кога ќе дојде тој закон, а сега да го видиме амандманот.

Дали некој бара збор за амандманот?

Збор побара господинот Жарко Караџоски, предлагачот на амандманот.

Пред тоа реплика има господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Како и обично кога ќе стане господинот Пандов за сите промашени проекти што парламентарното мнозинство ги гласа постојано е виновна опозицијата. Единствено само што не видов што и овој закон кој сега го преферира пред јавноста бил и реформски уште да ни кажеше, па да биде топтан она што јавноста ќе го сфати него.

Второ, на говорницата би го потсетил, ако ме слушаше добро, меѓутоа, многу викаа од седиштата таму, не слушаше што зборувам, точно е тоа дека две години овој закон се расправа во СДСМ, и дури и кога сме биле на власт. Реков дека има насушна потреба да се регулираат обврските и правата на пратениците. Меѓутоа, никогаш нема да се согласам на еден таков, како што ви кажав на вас криминоген начин во петок со телеграма да не известите дека еден куп закони низ разни седници што требало под итно да поминат, сте ги ставиле и него го спикавте како точка 13 или 14 на средина, и кога во салата од парламентарното мнозинство беа скоро сите тука, а од опозицијата еден минорен број пратеници, без никаква расправа да помине еден ваков круцијален закон. Од тие причини ние се противиме, бараме да се врати на расправа, да корегираме одредени делови, да си добие уставна рамка. А сега би го запрашал него, ако господинот Трајковски не го потпишал законот и го вратил на повторна расправа во Парламентот, тогаш зошто од пратеници на парламентарното мнозинство се предлага еден ваков амандман. Нека ми го објасни тоа. И на крајот на краиштата мислам дека ќе се изгласа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Илија Илоски треба да се извини за "криминогеното ставање на дневен ред на оваа точка, бидејќи убаво знаеше дека тоа е на дневен ред на таа седница и убаво си седеа сите тука и од СДСМ и од сите други партии додека не се донесе законот. Инаку за друго кворум нема бегаат.

Сега да одиме понатаму по амандманот.

Господинот Александар Пандов се јави повторно.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Околу амандманот чиј предлагач е господинот Жарко Караџоски, тој ќе појасни зошто го предлага, што подразбира под тој амандман, така што мислам дека има побарано збор за да го појасни амандманот.

Инаку мојата реплика кон господинот Илоски беше, и тој не ми одговори на тоа, дали СДСМ односно пратениците кои се од СДСМ немаат договор, не беа тие кои што во собраниските лобија и во ресторанити не зборуваа околу тоа дека треба да се донесе овој закон и тоа ваков каков што е. Дали најголем број на пратеници на СДСМ не беа изготвувачи на овој закон. Дали овој закон не е, на крајот на краиштата, само модифицирана верзија на она што вие го имате изготвено уште пред 1998 година. И конечно, повторно ќе ви кажам ако мислите дека не треба да се гласа овој закон, не вкусно ова вака како што го правите, не неколегијално, туку не е вкусно. Вие на самата седница сега, кога се води дискусија по тој закон, вие повлекувате околу нешто што до вчера сте го брането, нели. А околу тоа дали е 13 или 14 точка тогаш ако е така, дајте после 10-та точка да ги прекинуваме седниците вие да можете да се сконцентрирате за да можете понатаму правилно да ги донесувате своите одлуки. Со тоа сакате да кажете дека секоја седница ако има повеќе од 10 точки, после 10-та точка одлуките можат да бидат и вакви и такви поради тоа што веќе немате концентрација да гласате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, овде има една поплава од говорници, кои ми даваат до знаење дека немаат намера да зборуваат за амандманот, туку за законот и за тоа кој како мислел дополнително.

Очигледно се нема намера да се донесе Законот за пензиско инвалидско осигурување.

Ја прекинувам седницата, а продолжението ќе го закажеме после празниците кога сите меѓу себе ќе се договорите кој на кого што му кажал, кога му кажал, како било итн.

(Седницата прекина во 13,15 часот).